СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

## II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 57 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 12. III.1993 г.

1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 64, 67, 70
2. АЛИУ ЕШТРЕФ – 2, 52
3. АРСОВ ДРАГИ - 8
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 11, 14, 15, 16
5. АЛИУ ХАМИД - 26
6. ГОШЕВ ТУШЕ - 61
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 22, 31, 33
8. ДИМОВСКА ДОСТА – 38, 39, 41
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 2, 6
10. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 31, 50
11. КРСТЕВСКИ ЗОРАН – 62, 67
12. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО - 17
13. МЛАДЕНОВСКИ ВАНЧО - 48
14. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 43
15. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 35, 48
16. ПЕТРОВ ТОДОР – 27, 30
17. СТАНКОВСКИ РИСТО – 19, 22, 46, 48
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 36
19. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 55, 56
20 САБРИУ ИЛЈАЗ – 62, 63, 64, 66, 68, 69
.21. СТОЈАНОВСКИ НАЧЕ - 68
22. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 33
23. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 69

крај на седницата

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на 57-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 март 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места за да можеме да го утврдиме точниот број.

Некои пратенички групи имаат консултации и затоа малку подоцна ќе почнеме.

Ве молам, да го утврдиме точниот број на присутните пратеници.

Во салата имаме вкупно 65 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, Биљана Лазаревска, Симеон Ивановски, Васил Зимбаков, Ванчо Златанов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

За збор се јави господинот Станковски, но тој не е тука.

Господинот Ештреф Алиу бара процедурално.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Сакам да го замолам претседателот на Собранието да врши напори седниците да почнуваат на време. До колку се констатира оправданост за неможноста за навремено започнување дури тогаш да се даде пауза.. Се се плашам дека веќе во начинот на размислувањето длабоко навлегува во свеста едно сознание дека ако седницата е закажана за 10,00 часови таа ќе почне во 11,30, 12,00 или 13,00 часот, па молам ова да се земе предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Многу е наместо таа сугестија, само да ви кажам Собранието по уставна одредба не може да почне да работи ако нема минимум 61 присутен. Јас не можам да дадам пауза, мораме да почнеме па да дадам пауза. Во тоа е работата. Инаку немаме можност да почнеме.

За збор се јави господинот Горѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседатвле, почитувани дами и господа.

Најпрво сакам да истакнам една работа за која и претходно сакав да земам збор, но бидејќи од прилика знаев дека тука некаде сум на ред за дискусија, па затоа ја користам оваа прилика прво да кажам дека имам една процедурална забелешка околу водењето на седницата и околу давањето збор и нарушувањето на редоследот на пријавените кандидати за дискусија овде на оваа говорница. Тоа веќе неколку пати се повторува, а исто така се повтори и на вчерашната седница не деловнички, не уфрлуваа луѓе преку

ред само за да се создаде една конфузна состој конфузна ситуација во Парламентот и да се наруши нормалниот тек на седницата. Тоа се случи со дискусијата на господинот Љупчо Георгиевски иако по него се најави за збор Фаик Абди, затоа што јас тоа добро го следам и ги запишувам сите оние што се пријавуваат не беше сторено и дојде до таква конфузија.

Исто така преку ред или неделовнички и не во согласност со она што треба да работиме во овој Парламент по некаква режија и по некое смислено сценарио овде се уфрлуваа ексцесно луѓе кои не треба или не се на дневен ред за дискусија, а се урфрлуваат. Прекинувани се седници. Тоа се случи како со вчерашното нарушување на седницата исто така со настапот на потпретседателот на Владата на РМ . Пред тоа се случи со давањето пауза кога јас требаше да дискутирам на оваа говорница па беше прекината седницата, да не набројувам и други такви случаеви, исто така со настапот на господинот Стево Црвенковски, затоа барам од секретарот на Собранието и од стручните служби околу оваа работа да се подготви една информација или да видиме како можеме да ставиме ред и да не може поединец, во овој случај претседателот на Собранието, да го нарушува тој ред. Тоа е првото прашање.

Второто прашање за кое сакав да дискутирам е прашањето околу донесувањето на законот за измени и дополнувања на Законот за претпријатијата.

Овде беа дадени многу умесни дискусии, многу практични и ги сметам за многу полезни во овој момент и треба во тој дух и во тој стил да настапиме.

Значи, сите предлози што беа искажани овде во прилог на тоа дека овој закон треба да се носи во две фази целосно ги поддржувам и стојам

зад тоа и ќе гласам евентуално до колку дојде до гласање, а сето она што беше предложено од други пратеници во овој Парламент не го прифаќам и ќе бидам против за итно донесување на овие измени и дополнувања на овој закон.

Исто така би сакал да истакнам дека одредени прашања што овде беа поставени во поглед на донесувањето на Законот како измена и дополнување и како норма и она што беше истакнато како политички аспект од страна на законот, не треба да води во дијаметрално спротивни гледишта овде во овој Парламент. Според мое мислење ние треба да имаме барем во овој момент, барем за оваа РМ , барем за ова стопанство на РМ да имаме, ако не исти, барем идентични гледања и ставови , а не вака претерано егоистички, претерано саркастично, претерано нечовечно да се однесуваме овде и да се напаѓаме еден со друг, а другите сеирџии седнати под сенка го гледаат ова наше македонско недоразбирање и ова наше македонско непаметно размислување околу донесувањето на овде измени и дополнувања, а исто така и околу донесувањето на системските закони.

Сакам да направам разлика она што значи политички аспект на законот и тоа во овој случај опозицијата цело време го потенцираше, што мислам дека е исправно, а го поддржувам и она што позицијата го поддржуваше во поглед на тоа дека како закон, како измена и дополнување треба да се направи, треба да се стави одредена рака на овие јавни претпријатија во РМ , но не сум за тоа постојано да се укажува дека прв пат во овој парламент слушаме што се тоа јавни, приватни, општествени или мешовити претпријатија. Ако некој а паднат од Марс и прв пат да слуша, а некој овде како ученик, како Детето Татуличе или Детето Голомеше сака да држи лекција или ако сакате уште подобра споредба бумбарот да ја учи пчелата како треба да се бери медот, тоа е погубна работа во овој

момент ние да ја правиме. Затоа јас не сакам да се впуштам, но самата причина треба да ја бараме во позицијата . Ако ме прашате зошто да ја бараме причината во позицијата, одговорот беше изнесено од страна на господинот пратеник Петар Гошев. Тука е тој одговор на прашањето што треба да си ги постави позицијата, а не да го бара во опозицијата.

Затоа мислам дека не би требало на ваков начин да се одвиваат работите , треба стриктно, многу умно, многу подецидно да се вклучиме во донесувањето на овие закони, а не само вака парцијално да се однесуваме и создаваме лоша слика пред јавноста. Всушност, правиме една претстава која народот од нас не ја очекува, а народот очекува да се воспостави ред, да се воспостави дисциплина во стопанството и да може нашиот човек во овој Парламент и сите институции на системот да гледа една сигурност за својата егзистенција инаку, во овој случај нам крајот не ни е добар. Затоа уште еднаш сакам да потврдам дека еве и со овој амандман што самата Влада го достави брзо брзо до пратениците со кој децидно откажува дека одредбите на овој Закон не се однесуваат на јавните претпријатија основани од Републиката , а дејноста им е радио дифузијата значи дифузна и информативна е уште една потврда за тоа како оваа Влада брзоплето под итна постапка сака да ги донесе законите нестудиозно разработени и во тој контекст да завршам дека на ваков начин донесувајќи ги овие закони, можеме само да ја продлабочиме оваа економска криза во Македонија, а сите оние стопански субјекти без разлика дали се јавни претпријатија, општествени кои се грабаат како што кажа пратеникот Петар Гошев ајдучки грабеж се врши во оваа држава, па и оние приватни што се создадени или мешовити не ќе можат да гледаат спас во нас како Парламент, како законодавно тело, а и во сите други институции на системот кои треба да значат поправка или доградување или изградба на овој систем за кој сите

ние се залагаме т.е. за изградба на систем во кој ќе бидат вградени компонентите на пазарното стопанство. Ние од тоа сеуште сме далеку.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Забелешката за редоследот на пријавените ја отфрлам, бидејќи кој ќе го видам го запишувам, а кој вие сте виделе тоа не е меродавно. Јас кога ќе ги видам ги запишувам .

Пак бара збор господинот Котевски. Не знам што е сега, во каков карактер се јавува.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Господине претседателе не е фер вака да ги поставувате работите. Јас цело време во овој Парламент да работам човечно и паметно и сакам со убедување и со аргументи да работам, не со силеџиство, не со тероризам и не со надгласување. Јас многу пати и на Комисијата сум кажал ако за некоја работа ме убедите интелектуално дека е така без разлика дали некој од мојата партија ќе ме убедува вака или онака , јас ќе застанам зад тоа и ќе гласам бре луѓе. Треба тоа да го сфатиме, а вие претседателе не може на таков начин да го менувате редот на говорниците кои се пријавуваат. Вие правите преседан околу овие работи и намерно ги темпирате нештата, Пратеникот што се јави од позицијата по говорот на пратеникот Љупчо Георгиевски, тоа беше чиста монтажа само да се направи еден хаос во Собранието. Не беше на ред дотичниот почитуван господин овде што требаше да дискутира, туку беше господинот Фаик Абди. Вие не можете цело време да ме убедувате за работи, да ми правите ерозија на мојот мозок, кога ја знаеме ситуацијата каква е . Ако ние

претендираме да бидеме разумни луѓе треба да ги поставиме работите така и да побараме конечно еве веќе две години и во буџетот и во ребалансот на буџетот се издвоени средства за компјутеризација на системот за гласање и на пријавување, па да видиме кој ќе може тогаш да ги прекршува работите и на кого ќе му текне да се монтира случај кој да дискутира и да се направи хаос во Собранието. Зошто не сфаќате јас добронамерно излегувам, зошто не сфаќате дека цело време ни се подметнува дека Парламентот е основниот виновник во оваа држава РМ, дека тој е главниот виновник што Македонија тоне и дојдена е до ваков степен, а не заслужуваме така да бидеме квалификувани затоа што имаме доста добри и квалитетни луѓе овде кои можат многу паметно и релевантно да одлучуваат овде околу донесувањето на законите. Но, свесно некој овде ни саботира , . тоа треба да го сфатите, ако не го сфатите ваше право бре луѓе, тоа сакам цело време, цело време на тоа инсистирам, не сакам некој со мене да манипулира, кога кренав рака и сум на ред за дискусија, ќе си дојдам и точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, а сега бидејќи зборувате за сосема десети работи добро е, напуштете ја говорницата. Седнете си на местото. Ве молам, ред во салата.

Ја прекинувам седницата.

Пауза од 15 минути.

(седницата прекина со работа во 11,45 часот).

(По паузата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, повикајте ги сите пратеници да влезат во салата, да си седнат на местата и да го утврдиме точниот број на присутните пратеници.

Продолжуваме со работа.

Пред да добие збор следниот пријавен, Ве известувам во интерес на работата на Собранието, а во склад со Деловникот ќе оневозможам секаков друг ваков испад каков што беше овој последниот.

Има збор господин Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, иако вчерашната дискусија не наведе на такви конфронтации, но го прифаќам апелот да ја смириме атмосферата и во тој дух сакам да придонесам со оваа моја дискусија. Во духот на вчерашната расправа, во духот на вчерашните покренати прашања, овој пат сакам да се осврнам и да укажа! на некои моменти за кои мислам дека се значајни и кои што можат во овој момент да ни помогнат во насоката за барање на излез од кризата и од ситуација во која што се наоѓаме. Кога расправаме за овој закон неминовно сакам да потсетам дека точно е тоа дека и од порано постоеја измени во Сојузниот закон за претпријатијата. Да ве потсетам дека во членот 196-6 стои: "постојните организации ка здружен труд од посебен општествен интерес можат да се организираат како јавни претпријатија со донесуваше на одлука на надлежните општествено- политички заедници," се во стилот на поранешната терминологија од социјалистичкото управување. Значи, врз основа на таква одлука од поранешното Собрание на Социјалистичка Македонија се решаваше прашањето на државната сопственост и се формираа постојните јавни претпријатија. Го имавме конкретниот пример во

текот на оваа расправа тоа е примерот со јавното претпријатие електростопанството на Македонија. Ако е така, тогаш сите обврските што се преземени со ваквите јавни претпријатија, и ако ние го прифативме таквиот карактер на тие јавни претпријатија, јас навистина овде го поставувам прашањето. Зошто ние сите тие проблеми на таквите јавни претпријатија не ги имаме поставено на маса, не ги имаме јасно овде. Ние ништо не знаеме во однос на сите тие проблеми, во однос на компентациите, во однос на загубите, во однос на кредитите, кој ја врши санацијата итн. Тоа до сега не сме го добиле, иако требаше барем еднаш годишно да го добиеме и за тоа да расправаме. Сето тоа покажува дека постојат некои модели што ние овде сме ги наследиле и што сеуште постојат, а кои модели никаде ги нема и никаде како такви не постојат. Со ова сакам да кажам дека ние сеуште прифаќаме некои експерименти и живееме со такви експерименти на кои одамна им одѕвони. Што во овој момент ни треба? Сите сме свесни дека ни треба промени. И, ако е така, и ако сакаме промени, ние треба во овој момент не да расправаме за такви промени, како што овде се нудат, со предлогот за дополнување на Законот за претпријатијата, да бараме само некои промени што се во интерес на заштита на директорите, да бараме некои промени со кои што сакаме да и дадеме нови овластувања на Владата и на тој начин и натаму да го зацврстиме монополот на контролата на власта заедно со коалицијата на левите партии и коалицијата на ПДП-НДП, туку пак ќе потсетам ако сакаме промени, ние тие промени мораме да ги бараме глобално, особено кога станува збор за промени во сферата на стопанството. Да бараме нови решенија и да не менуваме со вакви закони само дел од наследениот систем. Ако ние сакаме нешто да менуваме со овој закон, зошто на пр. не сакаме да менуваме и тоа што на сите нас ни пречи и за тоа што за тоа што

сите сме согласни. Зошто со овој закон да кажеме, не го покренеме прашањето и да ја менуваме таа постојна терминологија во тој сојузен закон за претпријатијата каде што секаде стои Социјалистичка Федеративна Република Југославија, секаде стои Сојузна Влада, сојузни институции, организации на здружен труд, секаде стои таа бивша сојузна односно бивш сојузен фолклор. Јас во овој момент, навистина не наоѓам причини зошто се чека. Зошто во овој момент кога сакаме да менуваме нешто и кога сакаме со закон да решаваме некои работи, а посебно еден таков значаен сегмент и значаен сектор како што е секторот на државната сопственост и како што се претпријатијата од јавниот сектор, овде од страна на Владата не добиеме еден закон со кој ќе се основаат јавните претпријатија. Зошто ние и натаму дозволуваме, наместо со закон тоа прашање и натаму да го прифаќаме со некакви одлуки. Велам, немаме пречки затоа што ако порано постоеја тие пречки, а тие пречки навистина постоеја, затоа што не постоеше законска основа со која можеше да се претворат општествената сопственост во друг облик, па ни во државна сопственост, а сега кога го усвоивме Уставот сите знаеме дека таква уставна можност постои и затоа ние можеме не само врз основа на Уставот,туку и врз основа на тоа што го дава Уставот, а тоа е со законска регулатива да ги утврдиме сите облици на општествената сопственост, да ги утврдиме така како што се дефинирани, како рамноправни облици на сопственост сите подеднакво заштитени итн. Тоа ние во овој момент го немаме. Од тие причини го поставувам прашањето до владејачката коалиција и до Владата. Зошто со закон не сакаме да ги уредиме односите во сферата на сопственоста. Непарцијално, повторувам, туку глобално и да не се лажеме минатиот пат кога јас тоа прашање го поставив дека треба да ги донесеме и Владата треба да ги достави овде сите тие закони што се од системски карактер и што се сврзани со стопанството. Да ја надминеме кризата и да ги надминеме тие стопански, економски проблеми со кои што сме соочени.Овде од премиерот

ми беше одговорено дека сите тие закони сврзани со стопанството се доставени и се во собраниска постапка. А еве сега оваа расправа покажа дека не е така. Не сакам овде повеќе да се лажеме на таков начин и да се служиме со такви информации. Овде оваа расправа покажа дека не постои токму овој закон со кој се основаат јавните претпријатија. Не постои Законот за претпријатие, не постои закон за денационализација, го немаме, ниту пак можеме да го усвоиме сеуште оној закон за приватизацијата, односно оние закони кои што се значајни за стопанството, кои што се значајни за надминување на проблемите,за надминување на кризата и за решавање на таквото важно прашање, како што е сопственоста. Тоа се аргументи ако сакаме да зборуваме со силата на аргументите. Тие аргументи мораме да ги почитуваме и тие аргументи во овој момент не одат во прилог на сегашната влада и сегашната коалиција. Тоа јавноста треба да го знае. А зошто е така, зошто Владата тоа не сака да го прави и да ги доставува тие закони на тоа прашање треба самата таа да одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, убаво два дена ги следам седниците и на никому не му попречив. Меѓутоа, за сето тоа земав белешки овде во седницата без консултации. Достаточни беа консултациите од претходните дискутанти. Од почетокот ќе ви кажам нешто кое не можам да го одречам коската лесно не се дава. Не сакам никој да ми пречи ни од мојата страна, ни од паралелната страна и веднаш ќе кажеме зошто. Владата не е таа, иако многу од претходните говорници кажаа дека не е Владата компетентна да ги менува директорите, а некој да ме убедува што е проблем, што општествено претпријатие. Тоа може само да го зборува само на улица или пак некој од истомислениците не знаат да го убедува или разубедува. Нема да именувам никого, дури и Кардељ ако беше жив ќе речете малку ќе се

зачудиш. Еве во што, шепотете колку сакате, затоа што во Хрватска и во Словенија каде што тие луѓе од тој систем направиле многу, тие извршија приватизација можеби безболно. Меѓутоа, Владата не назначи директори, еве и на тоа да ти одговорам господине. Туѓман што прави, прави, без народот не прави ништо Ристе! А нашата Влада не прашува ни народ, ни политичките партии. Владата е таа што ги крои директорите и ги поставува, а подоцна ќе ви ја кажам целта.

Претходниот дискутант многу убаво кажа, не затоа што е од мојата партија, зошто ние не можеме да прифатиме, а верувам и вие не сакате да прифатите, зашто некој од вас можеби еден ден ќе стане директор и ќе врти околу фабриката и околу претпријатието и ќе мисли што да работи. Ние имаме неколку факти кои ги избегнавме, главни факти или фактори на некои закони, да не ги повторувам, ги кажа господинот Арсов. Без тие закони ние не можеме да прифатиме нешто кое ни го наложува Трајко, Петко или незнам кој. Утре кога ќе дојдам јас во Владата, ќе го оставам тоа што тие го направиле, ќе направам некој закон мој таму и ќе речам ти ќе бидеш директор, ама дали ние ќе имаме време да ја исправиме грешката што ја направиле претходниците Што е целта сега на тој систем кој останал од тој систем кој владееше, а ние со ова што го преземаме не само што не го рушиме системот, а го јакнеме. Сите закони кои ги носиме, ако ги гласаме 57, 41 и незнам колку тие се за мене и против уставни.

Прифаќајќи го Законот за јавните претпријатија зад таа маска стои една многу опасна работа, на некои можеби ви е познато, а реков на некои не ви е познато. Но, меѓутоа дури и народот, а и повеќето од нас тука знаеме што се крие. Семоќниот господар става автоматски и сопственик на тоа јавно претпријатие. Колку и да пишуваш пријателе, само со мене можеш да зборуваш тука. Става самостоен господар. Тоа големо јавно

општествено претпријатие, бидејќи е донесен во колосекот на колапсот утре тоа се раздробува и станува сопствено претпријатие на семоќниот, а пак бидејќи ја имаме семоќната полиција и државата која е зад него, со него лесно ќе се расправиме. Никој во тоа не може да го разубеди и да го убеди народот. И никој тука не може да се прави филозоф дрвен или вистински дека се знае. Народот, дури и во Русија во тој систем, дури и во бившиот Советски Сојуз, ова веќе го имаат отфрлено, тие теории, тие учења. Затоа што се увиде дека тие учења беа учења само за една калпа која управуваше со целиот систем. Не може, бре, една Македонија да се јавува како спасител на нешто кое скапува. Ние сме овој систем една скапана круша, само треба некој да ја истреси, да падне и да стане ништо. Тоа е системот кој сакаме да го задржиме. Каде бевте вие господа во времето кога констатиравме и утврдивме дека земјата се пљачка или дојдовте од Марс, од Венера или од некоја друга планета. А сега истите луѓе дигате рака да го спасиме системот. Што да спасиш бре, кога се си опљачкан. Нека ми простат некои директори, јас еднаш реков дека меѓу овој систем имаме директори кои се јаки. Не можам да ги именувам, во друга прилика ќе ги именувам. Каде бевме ние, господа, да донесеме еден закон во моментот како што сега носиме под итно да се свика Собранието на 9-ти или на 7-ми да се донесе закон за претпријатијата или за РЕК Битола. Итно требало, а што пљачка, што се ограбува, што констатираме, а не мислиме како некој од надвор пропагандата што ја води и многу информации викаат тие во Парламентот мислат. Можеби има право, но не, ние тука констатиравме и утврдивме дека во тоа време се пљачкаше. Сега нема што да се опљачка, сега треба да се она сето да дојде со овој закон што ќе го изгласаме да дојде сопственост на таа малка олигархија, а утре и тоа, по сила на тој закон што владее да стагнира и да се приватизира. Е, таква стопанска економија, таков пазар, не може. Треба малку да се прашаме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ: (**продолжение)

Каде сме ние господа да речеме чекајте бре вие , донесовте закон за деприватизација, да го вратиме сето она а тука сме го трубеле толку пати, на тој што му го украдовме, на тој што му го земавме имоти куќи, ова,она. Не. Зошто сакам да ми одговори еден од вас. Затоа што тој не може да одговори, затоа што тој му го украл, не му го зел со закон, а носи закони за јавни претпријатија и не знам какви.

Господа, вчера реков дека стравот брани лозје. Оваа Влада не го прави тоа затоа што сака. Таа ги брани интересите и тоа добро смислени , како еден чувар што го брани лозјето од страв. Од народниот гнев и од овие партии кои се од десната страна на Парламентот. Една работа ќе ви кажам. Замислувајте , замислете и прифатете го само тоа што го бара човекот, што го бара народот. Не треба да има дезинформации внатре, добро и тука може да има дубари, тие дезинформации незаконски кои му лежат на срцето на народот , а се против народот. Не можеш да влезеш во пазарна економија и да бараш од некого помош, а парите кои си ги ставил во тоа претпријатие, тие се грабежот на народот. Не. И денес ќе го потврдам, не може никој да ти даде бре кога имаш украдено не вратено. Да не ми се лутите за тоа, затоа што тоа добро го знаете. Мене ме боли едно, а знам зошто тоа се прави. Знам зошто се прави. Со украдените пари или парите кои ќе ги добиете, утре тој народ тепаниот, утре тој народ фрлен да лази по улицата треба да гласа за некого. Re го излажете. Ќе му дадете од тие пари, после два месеци тој ќе биде глиста. И пак ќе излезе Фрчко со пендреците и ќе тепа, ќе ги вади бубрезите на луѓето. Таква држава не може да биде. Такви претпријатија не можат да бидат. Такво признание не може да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ајде сега за законот , малку, ве молам.

Повелете за темата, ве молам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас лично, смејте се, ама не го кажувам другиот збор затоа што ми се чини дека саатот врти. Кога ви реков еднаш дека е пет до дванаесет, многу после ми го повторија, само еден од оваа страна

(покажува кон пратениците од неговата десна страна) ми рече дека е дванаесет и пет. Убаво потсетете се. Многу работи сум рекол тука во метафоричен начин, но тие метафори може би вашите внуци ќе ги учат и убаво ќе ги толкуваат. Таков закон дури не се донесат сите закони кои што ги кажа претходниот дискутант , не можеме ние да прифатиме. Не можеме да ставаме во секое претпријатие господ, а утре тоа претпријатие да пропадне, со општествени, со народни пари тој, да приватизира. Тоа е господине претседателе, зошто јас не го прифаќам тој закон. И за мене е спротивен и на Уставот. Не можеме да др^име претпријатија со полиција. Не. Логорите доста беа, прогоните доста беа, јас сум рекол и друг пат, никогаш ВМРО, јас ве уверувам и ве убедувам дека не сака реваншизам....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде партии нема, овде има пратенички групи.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Спрема мојата партија се обраќам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратенички групи само. Ве молам има партии кои не се во Парламентот и сигурно имаат уставно право, еднакво да се пази во тоа. Нема некој да пропагира од овде, некој ...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не вреѓам никоја партија. Јас викам лично за мојата партија и никој не може да ме разубеди поинаку од тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не да ве разубедувам, туку ви ги кажувам правата од говорницата што можеме , а што не можеме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Правата произлегуваат од непишаното, а тие се права од џебот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, ве молам. Продолжете за ова што зборуваме.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Видете, јас ќе прекратам , но нема да прекратам и нема да поддржам ништо од она што се крие зад маскотата. Зад маскотата се крие само кражби. Не стенкај така, затоа што и ти можеш да имаш земено. Тој што стенка тоа е болен значи, од нешто страда.

Е сега, да ви кажам еден последен мој збор. Апелирам на овој Парламент , до сите партии, не само што треба Владата да размисли, ако би бил јас претседател на Владата во овој момент ќе дадев оставка. Затоа , Ристо молимте, затоа што таа Влада веќе со манипулациите кои ги прави и е над Парламентот, зашто само Парламентот е само тој што ги створил јавните претпријатија, таа Влада во оваа секунда треба да даде и тоа неотповиклива оставка. Само тогаш таа Влада е поштена, само тогаш таа Влада е законска, само тогаш таа Влада е уставна и избрана од овој Парламент. Таа Влада е над Влада, таа Влада е над Парламентот и таа Влада не можеме да ја прифатиме и нивните закони. Нека си ги чуваат директорчињата во една фиока и кога ќе нема Парламент, нека си ги постави. Благодарам.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со предлогот за донесување на законот за претпријатијата, излегува дека на Владата и е споредно оваа материја да се регулира целосно, што е во интерес на основачот и претпријатијата како и за правната сигурност во извршувањето на нивните права и обврски. Во Предлогот на законот за претпријатијата, кој со Предлогот се регулира само еден дел од проблемите, а другиот проблем останува како нерешен во истиот закон се предлага управен одбор како орган на управување. Надлежноста на Владата да именува и разрешува директор на претпријатието во дадениов случај, бидејќи неколку дена зборувавме за законот за енергетика, тоа се однесува само за претпријатието "Електростопанство". Очигледно целата работа и целта на Владата со предложениот закон е да си го обезбеди правото за именување и разрешување на директорите на јавните претпријатија, како што реков , во случајов само за "Електростопанство". И тоа на таков начин што во оваа постапка во Предлогот на законот се бара мислење од органот на управувањето односно од Управниот одбор во кој се застапени повеќе претставници именувани од Владата на Македонија. Тоа е во законот предложено, така како што е.

Сметам за регулирање на оваа озбилна материја, потребно е да се донесе посебен закон за сите јавни претпријатија со кои ќе се регулира целосно проблематиката на овие не мал број претпријатија во Републиката, чија дејност е од посебен општествен интерес. Се предлага управниот одбор да нема негова надлежност. Се прашувам со кој акт основачот ќе утврди по кои прашања управниот одбор како заеднички орган ќе одлучува? По кои прашања одлуките ќе се донесуваат со обично или квалификувано мнозинство? Како може едно јавно претпријатие, а посебно директорот

успешно да раководи, ако со законот не се регулирани правата и обврските на основачот, начинот на нивното остваруваше и слично? Кој се правата на работниците од овие претпријатија, чија имовина и со кои работат? Дали таа е државна , општествена, приватна, мешовита и слично? И да се одговори на ова прашање, треба системските прописи на трансформацијата на општествената сопственост да се донесе. Обично основачот на јавните претпријатија преку управниот одбор ја регулира политиката на цените на производите и услугите, развојот и слично. Прашањето на третманот на работниците и нивните права како поради политика на државата, така на пример основачот за некои јавни претпријатија има случаи заради заштита на животниот стандард , цената на електричната енергија се држи ниско. Претпријатието искажува загуба. Исто така, и ова прашање е отворено , а и во Предлогот на законот не е предвидено Кој ќе ја покрие загубата? Или кој ќе ги утврди и обезбеди условите за плати итн. Сите овие битни прашања , што е и целта за донесување на ваквиот закон се нерегулирани. На Владата и е најважно да го има директорот враце, а останатото во суштина кај незе е споредно. Сето ова ни изгледа како во времето на сега веќе минато, а ваквиот начин на поставување на директори особено во јавните претпријатија, без консултација на управниот одбор кој што го именува Владата на претпријатието Владата се става во улога на некогашниот Централен комитет, кој што во времето луѓето ги делеше на подобни и неподобни, со немање на морално- политички квалитети, иако да во неподобните постоеја многу вредни и способни за да со успех ја водат соодветната работа и работната организација.

Затоа предлагам законот кој што е даден по итна постапка да не се донесува по итна постапка, туку во редовна процедура.

Сполај му.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам и јас да си го дадам своето мислење во врска со овој предлог на закон. Нема да дадам свое размислување во врска со некои дилеми кои овде беа изнесени во врска со овој закон, бидејќи сметам дека можеби дилемите доаѓаат токму од непознавање на работите, па ќе треба повторно да се убедуваме и да се објаснуваме што е што и заради тоа ќе си го кажам само своето лично мислење околу овој закон.

Имено, она што е клучно да се одговори, секако е прашањето дали има потреба од ваков закон и генерално земено можеме да кажеме дека сигурно има потреба од причини што состојбите кои ни се случија , јасно кажуваат дека ние имаме една правна празнина во регулирањето на односите меѓу државата и јавните претпријатија. Имено, мора државата за сето она што е во нејзино власништво да води сметка како што мора секој сопственик да води сметка за својот капитал. Од тие причини еден од начините државата да има влијание во тоа како ќе се управува со нејзините средства, е практично начинот на избор на директор, првиот човек на одредено претпријатие е тој што ќе ја насочува работата на претпријатието, односно на тој начин ќе се води сметка за она што државата го инвестирала. Овде беа тези дека требало работниците да бидат тие меѓутоа, веднаш се појавува и онаа противтеза, чија ќе биде одговорноста доколку дојде до одредени пропусти во работата на одредени јавни претпријатија. Замислете, еве да земеме едно од јавните претпријатија,

ПТТ, доколку дојде до една хаварија на целиот поштенски сообраќај, кој ќе ја сноси одговорноста. Очигледно дека граѓаните најголемиот кривец ќе го наоѓаат во Владата. Бидејќи тие такви организации како што се поштата и другите јавни организации, беше се формирани со идеа да задоволат некои потреби на граѓаните и кај нив не е примарен профитот, како што е примарен кај другите претпријатија кој што всушност се формираат само заради профит. Овде е примарно вршеше услуги на граѓаните, односно вршеше на некои дејства со кои што би го направиле ете животот на граѓаните поприфатлив и поудобен. Во таква< ситуација> значи државата мора да има влијание во тие претпријатија, инаку навистина би се нашле во една ситуација да тие се оттргнат и да дејствуваат како системи сами за себе и практично со неодредени цели. Една теза беше дека не е добро вака да се носта закони, подобро беше да се донесе законот за приватизација, па нов закон за претпријатијата и на тој начин ние би одговориле на овие наметнати проблеми што ни се јавуваат. Секако се согласувам јас со тоа, меѓутоа познавајќи го овој Парламент и знаејќи како ние работиме една таква процедура во наши услови сигурно ќе трае година дена и тоа минимално. Еве сега имаме четири седници недовршени и никој не може да даде оценка кога тие ќе завршат, а одговорноста е тука во нас присутните, во никој друг, и сега кога тоа би одело по нормална постапка и кога ние би тргнале по оние системи како што знаеме со нацрт на закон со јавни расправи, па со предлог на закон веројатно ни за година или две односно ни со прашање дали овој Парламент во својот мандат ќе успее да донесе таков закон. Заради тоа иако ваквиот предлог за дополнување на законот за претпријатие можеби делува како изнудено решение, на некој начин гаснење на пожар меѓутоа во услови како што ние работиме мислам дека е

единствено можно решение. Доаѓа исто и прашањето, на кое денеска мора да одговориме дали треба законот да се носи по итна постапка или би требало да се оди во т.н. нормална постапка. И тоа е можеби дилема, една од причините со кои некој сака законот да оди во две фази.. Беше и тоа дека законот бил сложен, меѓутоа навистина овој закон е крајно едноставен со три члена и апсолутно таа теза не држи.

Втора теза зошто не прифаќам да одиме во две фази е самиот факт што јас не верувам дека можеби после два месеца ќе бидеме многу попаметни во врска со ова прашање, затоа што патиштата се многу јасно зацртани. Имаме две варијанти или државата да управува со тие претпријатија или да не управува. Ако мислите да не управува државата, а по мое видување од сите дискусии очигледно е дека кај сите е присутно мислењето дека во државните претпријатија државата мора да управува тогаш можеби само дилема ќе претставува прашањето дали Владата ќе го избира раководниот орган или пак парламентот. Инаку сето друго е сосема јасно.

**РИСТО СТАНКОВСКИ**: (Продолжение)

Според тоа, мислам дека апсолутно нема потреба да се чека можеби месец, или два за да ние дојдеме до некои сознанија на кој начин треба да бидат управувани јавните претпријатија. Од тие причини мојот став е дека овој закон треба да се донесе, односно дополнувањето на Законот за претпријатија. Исто така, мислам дека тоа треба да се донесе по итна постапка за да не ни се случат после некои состојби за кои што пак ќе се собираме инцидентно, а некои состојби веќе и ни се најавувани, веројатно знаете да речеме во железниците повеќе пати, мислам дека и сеуште штрајкот им е во мирување и тн. Затоа би апелирал до сите законот да го донесеме по итна постапка и тоа денес.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам веднаш на почетокот да укажам на неколку принципиелни прашања кои инаку ги искажав и при расправата за Законот за дополнување на Законот за енергетика. Правниот вакум, односно неприлагодувањето кон постојниот правен поредок создаден за време на експертската влада го ценам како основна причина за настанувањето на противречната ситуација во врска со предложените закони од страна на оваа влада кои се предмет за расправа на оваа седница. Искажав став дека поводот за нервозата и инсистирањето на Владата за донесување на законите во скратена наместо редовна постапка произлегува од нејзината слабост да изврши интервенција во електростопанството заради спречување на одредени процеси кои евидентно покажуваат негативни тенденции во однос на јавниот интерес. Укажав и на грешката на дел од опозицијата што оневозможувајќи ги и на Владата нужните инструменти на истата и

дозволува па објективно да биде надвор од одговорноста за своето владеење. На крајот оценив дека инсистирањето на дел од опозицијата во таа насока ја загрозува иднината на повеќе партискиот систем во Република Македонија заради елиминирање на главниот мотив во политичката борба, секоја партија во ситуација на владеење да има уплив и контрола во јавните претпријатија, односно во државната сфера. За тоа зошто ниту едно средство за јавно информирање не само што не пренесе ниту еден искажан став, туку и факторолошки не го констатира мојот настап на говорницата во оваа прилика не сакам да коментирам.

Во врска со актуелната расправа сакам особено да нагласам дека секторите за кои се заинтересирани сите граѓани и кои произлегуваат од Уставот без разлика дали нив ќе ги уредува оваа или некоја друга влада бараат целосна одговорност и целосна сериозност од овој Парламент. Партиите не можат да работат спротивно од Уставот и тие мораат да дејствуваат во рамките на Уставот. Не е спорно дека со Уставот за секторот во кој се утврдуваат дејности од јавен интерес начинот на уредувањето на дејноста од јавен интерес се утврдува со закон. Тоа очекуваме да го стори Владата со еден комплексен системски закон. Таков закон сеуште не ни е доставен, веројатно сеуште се подготвува. Сега сме доведени пред една дилема со оглед на пројавените тенденции во јавниот сектор законодавно преку скратена постапка да се покрие еден простор како превентива против настанувањето на негативни состојби, бидејќи законот кој треба да се донесува во редовна постапка бара време, а во прашање се доведува судбината на повеќе од 50% од капиталот на државата. Да потсетам во јавниот сектор припаѓаат железниците ПТТ, патиштата, електростопанството. Всушност најскапиот дел во Република Македонија.

Во сите модерни западни држави со пазарна ориентација овие сектори се или во државна сопственост или под посебен државен режим. Тоа не е спорно. Каков режим, кое влијание ќе го има државата тоа ќе се уреди системски со закон. Околу ова не би требало да спориме. За вакви сериозни и стручни уставни прашања сега некој се обидува врз платформа на популизам и болшевизам, а за жал припаѓа на граѓанската партија како што е Љупчо Георгиевски да прави маркетинг и всушност да се повикува на една демагошка основа. Утре ако ВМРО-ДПМНЕ биде на власт ќе предложи закон кој исто така ќе мора да биде врз основа на Уставот. Нашиот устав во член 30 став 3 наведува: "никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон". Или во член 37 од Уставот се вели: Заради остварување на своите економски и социјални права граѓаните имаат право да основаат синдикати, но не и право на управување. Уставот зборува за остварување на економски и социјални права. Зошто сега се меша управувањето? Што е со РЕК Битола? По штрајкот променето е управувањето. Тоа е поместување во рамките на системоп?. Се руши уставниот конце1 со контра платформа. Може да се расправа за друго видување на јавните претпријатија дали поголемо влијание да има Парламентот или Владата, но не со спротивставување со болшевички идеи. Или во член 50 став 2 се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што врша' јавни овластувања. Иако навидум не е во близина тука може да се смести и дискусијата која што ја прифати од господинот Душко Николовски кој што укажа дека одреден круг на луѓе во случајот во РЕК Битола за сметка на сопствениот интерес товарот на остварување на таквиот интерес сакаат да го префрлат на поширок број  на луѓе, а притоа

да го остварат не врз право на некоја сопствена сопственост, туку врз државна сопственост.

Во член 58 став 2: учеството во управувањето и одлучувањето во јавните установи и служби се уредува со закон и врз принципите на стручниот и компетентност. За мене не е прифатливо размислувањето и дискусиите изречени дека овде се содржат некои идеолошки вреднувања. Имаме закон за претпријатија. Според уставите амандмани и законот за претпријатија требаше државата поранешните организации на здружен труд од посебен општествен интерес да ги трансформира во јавни претпријатија. Државата, Собранието на РМ донесе одлуки и електростопанство, ПТТ, ЖТО и Аеродромот станаа јавни претпријатија. Меѓутоа, еден анахронизам. Управувањето во јавните претпријатија остана неначнато, остана самоуправувањето. Тој анахронизам ја создаде и конфузијата во РЕК Битола. Сите овие одлуки на Собранието на РМ за трансформирање на поранешните општествени претпријатија во јавни претпријатија меѓу кои и електростопанство се донесени во време кога се извршени радикални промени во Законот за претпријатијата во членот 196-б. Одлуките со кои Електростопанство и некои други се, јавни претпријатија а што ги донесе Собранието не се усогласени со постојната одредба од членот 196-6 1990 година и тоа во смисла на јасно дефинирање каков е карактерот на сопственоста во јавните претпријатија. Според членот 196-6 во првиот став се вели дека постојните организации на здружен труд од посебен општествен интерес можат да се организираат како јавни претпријатија со донесување одлука од надлежната општествено политичка заедница. Таква одлука Собранието донесе и во случајот електростопанство е јавно претпријатие. Меѓутоа, она што е најсуштествено во случајот, таа одлука не е усогласена со дополнувањата кои беа извршени на овој член во Законот за претпријатијата од 19 октомври 1990 година. Имено, со тие измени во

ставот 2 се пропишува, општествено- политичката заедница, тоа значи државата по сегашната терминологија учествува во управувањето со јавното претпријатие сразмерно на вложениот капитал. И во ставот 3, капиталот од став 2 се смета како државна сопственост. Според тоа не постои дилема за која што зборуваше господинот Гошев вчера дека постои неопределеност на сопственоста. Значи она што можам да забележам на Предлогот на Владата е тоа што самата не ги искористила постојните законски одредби за да го поткрепи својот предлог. Сметам дека не треба да има спор дека со јавните претпријатија како што е уредено во член 24-б од Предлог - законот за кој расправаме, управувањето и припаѓа на државата, бидејќи средствата и во случајот на електростопанство се во државна сопственост. Затоа предлагам Парламентот да го прифати текстот на Предлог-законот за дополнување на Законот за претпријатија односно да го донесе законот.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, економската сила и големината на системот наложува и не зависи од некоја посебна правна форма, туку од големината на капиталот, од добрата организација, од профитабилноста од добрите програми итн. Нема никакви проблеми за успешното работење ако големото и малото претпријатие бидат организирани во иста правна форма. Затоа насекаде во светот како носители на стопанисувањето покрај поединци главно се јавува државата и нема посебни форми. Од законот за претпријатија факт е што остана правата на општеството да ги пропишува условите што треба да ги исполнува јавното претпријатие во вршење на работите и начинот на остварување на посебниот општествен интерес во вршењето на дејностите, или работите.

Второ, во општата типологија мораме да имаме во предвид дека заради кажаното јавното претпријатие нема да спаѓа само во групата на претпријатија во општествена сопственост зависно од сопственоста и во мешовити претпријатија односно приватна сопственост. Оттука сомневањата се раѓаат во контекстот на се поприсутната практика на директно ангажирање на државата во решавањето на конкретни стопански проблеми, особено во снабдувањето со одделни витални производи. За волја на вистината треба да се каже дека преминувањето од договорен во пазарен систем беше и објективно условена од неизвесноста на нашата судбина што сите го знаеме. Раководните луѓе воопшто пред се директорите се помалку би требало да се зависни од политиката, а се повеќе од способностите и вклопувањето во пазарни услови на стопанисување. Раководниот кадар треба да разбере дека настана време на мандатот на капиталот, а овој е еден од начините на полагање на тестот на пазарно стопанство. Од сето изнесено не можеме да речеме дека системот на правната организација на стопанскиот субјект е потполно и конзистентно изграден. Статусот на субјектот не е уреден во релативно мал број на нормите како што ги имаат другите светски држави. За мене овој предлог закон треба да се донесе, меѓутоа треба да се донесе и Законот за претпријатија за да може да се догради правниот систем. Предлогот на закон што е денес на дневен ред треба да се донесе и од друга причина заради тоа што Владата е компетентна да ги знае и кои се последиците кои можат да настанат во стопанството, а оттука се одвојува и одговорноста.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво, сакам да укажам на едно неправилно толкување на член 196-6 и токму од тие причини потребата да се дефинира карактерот на сопственоста над средствата за производство кои сеуште се во општествена сопственост. Член 196-6 кој што и господинот Голубовски го

цитираше не утврдува дека јавните претпријатија се во државна сопственост. Третиот став што беше цитирн утврдува само дека општествено- политичката заедница учествува во управувањето во јавните претпријатија сразмерно на вложениот капитал. И проблемот е тука. Кој ќе утврдува во овие јавни претпријатија ако не овој Парламент, сметајќи дека тоа право го пренесуваме на Владата, колкав процент во јавните претпријатија е учество на државата, а колкав процент не е учество. И затоа требаше да се регулира прашањето за основите на системот на сопственоста за да немаме такви забуни во примената на законските прописи.

Меѓутоа, се јавувам повторно од причина што сакам да го прокоментирам вчерашниот амандман кој што го поднесе Владата на Предлогот на законот и ако го имавме на време добиено со целиот текст на Предлогот на законот можеби во првото излагање по овој предлог закон ќе го кажев моето мислење. Меѓутоа, бидејќи го добивме вчера и тоа во 16,15 часот, јас сакам да дадам еден мал коментар. Амандманот се однесува цитирам "одредбите на овој закон не се однесуваат на јавните претпријатија основани од Републиката, а дејноста им е радиодифузна и информативна". Дури сега гледам дека законот за мене апсолутно 'нема никаква врска со некаков систем на управување во јавните претпријатија. Јавните претпријатија или се јавни, или не се јавни претпријатија, а во радио дифузниот систем и информирањето само македонската телевизија е јавно претпријатие. Јас незнам од каде сега на Владата и текна после од 4-ти предложениот текст на законот сега да и текне вчера во 16,15 часот да предложи амандман кој станува по автоматизам составен дел, дека во јавните претпријатија од сферата на радиодифузната и информативната дејност овие одредби нема да се однесуваат.

Сакам да поставам едно јавно прашање. Дали тоа е резултат на некаков пазар помеѓу коалиционите партнери или политика на кокетирање спрема радио дифузните организации, односно Македонската телевизија со образложение цитирам: "овој амандман е во функција на обезбедување независно новинарство и информирање согласно членот 16 став 2 од Уставот на РМ". Сега незнам дали Владата некому сака да му продава нова идеологија, филозофија или демагогија. Независно новинарство е ако Владата баш во тоа јавно претпријатие не го именува органот на управување, а тоа што по законот за радио дифузниот систем токму ова Собрание го именува директорот на Македонската телевизија тоа е значи зависност на МТВ во однос на актуелните политички структури во Собранието. Затоа сметам дека воопшто не е прифатливо внесување на една таква посебна одредба затоа што претпријатието или е јавно или не е и не може да има за едни јавни претпријатија чиј основач е Републиката, еден начин на управување за оние од новинарството и информирањето пак да има друг начин на управување а кои имаат карактер и статус на јавни претпријатија. Во областа на информирањето барем во Македонија единствено македонската телевизија има статус на јавно претпријатие. Основач на Нова Македонија беше Собранието, основачките права ги презеде Социјалистички, па на крајот основач да биде повторно Собранието, си се пререгистрира во општествено претпријатие врз кое оваа држава нема никаква контрола, контрола во смисла на основачките права на капиталот. И затоа сметам дека и оваа измена, односно дополнување со овој амандман што вчера Владата го предложи во 16,15 часот, дава доволен повод во ова Собрание да не се прифати предложениот текст на Законот бидејќи не нуди никаков системски приод кон сите јавни претпријатија туку за едни еден начин на управување, а за други друг начин на управување. Затоа сметам дека предложениот текст на законот не треба да се прифати.

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Од друга страна пак вчера имаше некои излагања дека оние кои се противници на овој закон значи не дозволуваат на државата да управува со јавните претпријатија, а во нив треба некако да се управува, но бидејќи ја нема државата логично дека тие што работат би самоуправувале, изведува заклучок дека се за самоуправување, јас би кажал дека тоа е уште еден аргумент повеќе дека не треба да се прават парцијални измени и дополнувања на законот, туку треба целосен текст на нов закон да се понуди. Зошто? Заради тоа што постоечкиот текст на Законот чии што измени и дополнувања ги правиме сега со овој Предлог на закон има цела глава каде што се регулирани самоуправните права на работниците. И тоа е закон, постоечки, важечки закон иако можеби е во спротивност со одредбите на Уставот, меѓутоа ние кога баравме да не го прифаќаме овој текст на закон, баравме во целина да ни се предложи еден нов текст каде ќе имаме расчистени односи и во поглед на правото на сопственоста на средствата за производство, дефинирањето или редефинирањето на општествената сопственост и на начинот на управувањето, а не да ни се нудат вакви парцијални решенија кои што не нудат и системско решение, туку нудат за едни еден начин, а за други друг начин.

Да не заборавиме дека во сферата на општествените дејности немаме извршено никаква пререгистрација, тоа е во здравството, образованието, спортот, културата, организации на здружен труд што е смешно зошто Владата не реагира со еден таков законски текст да се надмине оваа состојба во овие дејности. И таму сеуште се самоуправува со работнички совет, затоа сметам дека вакви парцијални решенија што се нудат не треба да се прифатат, Владата имаше доволно време и треба да смогне сили да ни понуди цел законски проект кој ќе биде расчистен од сите и овие можеби и наследени и пренесени во форма на закон идеолошки

одредници од поранешниот систем, уставно- правен и правен систем.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Господинот Тодор Петров ја направи истата грешка на што укажав во дискусијата која што беше во тој дел направена во вчерашниот ден едноставно тој не го има во увид дополнувањето на овој член од 19 октомври 1990 година што е содржан во Законот за претпријатија. Останувам на тоа што го искажав, а жалам ако тоа не се вклопува во

определбите кои што ги брани господинот Тодор Петров.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас сакам да дадам уште едно укажување доколку се усвои овој текст на закон почнувајќи од насловот до член 3 ќе наиде на неприменливост и тоа поради одредени нелогичности. И претходно беше укажано веќе се ставаат амандмани дека иако се неколку јавни претпријатија каде е основач Републиката веднаш се скратува таа бројка и ќе станат уште помалку. Сметам дека во примената ќе има големи проблеми и основно ќе настане и понатаму отуѓување на општествената сопственост без да се плати и без да се знае поранешниот корисник.

Ако земеме она што значи поранешните акционерства по законот на Анте Марковиќ попустот изнесуваше за купување на општествената сопственост 70% максимум, каде е тоа 30% уплатено од кое претходно општествено претпријатие сега по статус на акционерство во Републичкиот буџет. Никој тоа 30% го нема уплатено, а веќе мавтаат дека се сопственици на општествената сопственост. Исто сме таму дека со ова недефинирање ќе настане повод еден ќе го изгуби статусот на општествена сопственост,

меѓутоа треба да знаеме дека целиот капитал на досегашниот наш систем беше општествен, општествена сопственост. Тоа беше и каде стоеше Извиднички сојуз и Социјалистички сојуз каде беше основач во НИП "Нова Македонија". Тоа беше само една идеологија, а капиталот беше општествен. Сега тоа се трансформира во АД. Никој не го уплатил капиталот од 30%. Истото ќе се случи и со телевизија.

Во однос на амандманот 16 Владата дава сосема неправилно толкување кога го дава за радио-дифузиите информативни куќи. Со Уставот член 16 се дава слобода на основање, тоа се гарантира, а не отуѓување на општествената сопственост. Како сопственици и понатаму треба да се управува. Основно сметам дека овој закон не треба да се донесе додека конечно не се дефинира општествената сопственост односно кој дел ќе се приватизира, а кој ќе остане во државна сопственост, меѓутоа ние не можеме како Владо Голубовски ја крсти оваа државна сопственост, тој можеби смета дека тој треба да стане државна сопственост. Се е досега општествена сопственост додека не се изврши реприватизација на претпријатијата, на финансиските организации и останати. Државна сопственост треба да биде во јавните претпријатија, меѓутоа тие имаат сеуште статус во постојната општествена сопственост. Меѓутоа, сметам дека и понатаму таа ќе се отуѓува а ние ќе бидеме должни на надворешниот свет на инвеститорите и на штедачите. Ќе дојдат странските банки, ние со што ќе наплатиме, немаме ништо, се поминало во приватно но тие не можат да се наплатат. Доколку остане таа општествена сопственост и да се наплати, еве на пример да речеме телевизија ако остане во општествена сопственост меѓународните кредитори ќе побараат, ќе им отстапиме нив. Тие биле нели помали куќи и обратно. Ние ќе останеме без капитал и незнам со што ќе гарантираме на инвеститорите, на меѓународните кредити

и на штедачите, отуѓувајќи ја цела државна сопственост.

Јас сметам дека прво треба да се дефинира статусот на сопственоста, што е државна сопственост и тоа е преодна форма, меѓутоа што е приватна сопственост, потоа да го регулираме управувањето, пред се, учество на капиталот и вложениот труд што претставува број 2.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Немам намера повеќе да одговарам на спомнување и провокација во врска со тоа што го кажав, а дискусиите од ВМРО-ДПМНЕ ги оценувам како нов приод и придонес кон социјалистичката економи-

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас почитувани пратеници излегов да кажам неколку збора во однос на овој закон и мене ме изненадува нешто што ми се чини помошните тела на Собранието и нивните заклучоци ми се чини многу малку се прифаќаат. Ние имаме став дека Законодавно- правната комисија е категорична овој закон да не се носи по итна постапка. Јас во Комисијата во која учествувам а тоа е Комисијата за стопанство имаме исто таков заклучок, имав впечаток дека партијата, Либералната партија имаше еден став дека го поддржува ова да не биде под итна постапка, но изгледа доби директива од коалицијата и ми се чини ќе гласа за овој закон. Мене ме изненадува токму тој момент дека комисиите воопшто немаат некој увид односно некоја цел што истите тие работат и носат некои соодветни одлуки. Мене овие закони, конкретно Законот за електростопанство и Законот за претпријатијата да ви кажам право ми се чини дека се репресивни закони. Зошто велам дека се репресивни. Сака да се постигне една репресија на одредена категорија на

претпријатија во Македонија. Зошто го велам тоа? Тоа го велам од причини со прашање кон вас почитувани пратеници, ако во случај не настанеше штрајкот во РЕК дали ќе дојдеа на бел свет овие два закона. Одговорете си сами на својата совест. Мојата совест е дека немаше воопшто да се донесат овие закони и затоа сметам дека овие закони се репресивни. Тие можеа да одат по редовен пат, нормално Владата ги има веќе во процедура ми се чини, можеби уше не е дојден и кај нив, но како пишан материјал ми се чини е готов и за претпријатијата и за електростопанството.

Интересно е тоа што воопшто никој не прашува дали после оваа одлука што мислам дека ќе се донесат овие закони односно едниот се донесе, денес ќе се изгласа и овој закон, дали некој се прашува дека овој закон и тој вчера што се донесе не ќе оди пред Уставниот суд. Нормално дека има и таму луѓе кои што ги следат овие работи. Не сакам да навлегувам бидејќи не сум правник дали е против уставен или е уставен, но секоја една работа која што ќе се носи на брзина мислам дека за мене е противуставна, кога нешто се инсистира. Секогаш нешто инсистираното носи нешто лошо, не носи арно. Зошто го велам ова? Ова го велам од причина дека можеби го прочитавте или не заклучокот на состанокот на Конференцијата на Синдикатот на Електростопанство. Тие се категорични и велат вака: "Во случај да и покрај сите наши предупредувања Собранието на Република Македонија ги донесе изменувањата и Законот за енергетика ние сме единствени и како одговор на тоа целото јавно претпријатие Електростопанство на Македонија ќе стапи во генерален штрајк и ќе ги повика сите јавни претпријатија во Република Македонија во општ генерален штрајк". Кој ќе одговара тогаш? Пак ќе ја пуштиме напред македонската полиција да си ја врши својата работа. Мора тука некој тогаш да одговара. Вие ова го прочитавте, ова е заклучок потпишан од 24

учесници што се одржа во РЕК "Битола" на ниво на хидроелектрани и термоелектрани во Македонија. Сметам дека треба да се води малку сметка за брзите одлуки на некого. Велам дека брзите одлуки понатаму можат да настанат катастрофа за нашата држава.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ќе повторам она што го кажав на почетокот на моето излагање пред два дена, дека цела работа на Парламентот е сведена на фаќање позиции за пред изборите и тоа претежно од двете најголеми партии овде во Парламентот СДС и ВМРО-ДПМНЕ, Јас така ги гледам работите и така секогаш додека ќе бидам тука во Парламентот ќе ги кажувам онака како што ги гледам и како што ги мислам. Очигледно е дека тука се фаќаат позиции и дека едната партија ги руши тие директори што се на другата, а другата партија ги руши директорите на првата партија. Само така го гледам тоа. За мене ќе кажам е многу симптоматично што ВМРО-ДПМНЕ се става во ваква одбрана на директорот генерален на Електростопанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеничката група ан ВМРО-ДПМНЕ, не партиите, партии овде нема.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Се извинувам. Во предизборната кампања се прокламираше дека сите директори не чинат, дека се сите србокомунисти итн.  тн. тоа значи не било така како што е, туку ќе се менуваат оние директори кои што не припаѓаат на одредена партија, само така го гледам ова.

Инаку тие соопштенија на тие синдикати, по мене се лично чиста класична уцена и мислам дека не го одразуваат мислењето на целото членство. Сите знаеме што беа синдикатите во едноумието кои што и понатаму продолжуваат со тие трансформирани облици да егзистираат, што беа работничките совети, сите знаеме во тие работнички совети кој можеше да членува, дека можеа најверните луѓе на директорите да членуваат во работничките совети, еден обичен човек не можеше ни да примирисa да членува во некој работнички совет или не дај боже некоја комисија од важно значење и затоа расправиите овие два-три дена овде во Парламентот ги гледам исклучиво како агитација и фаќање залет и позиција во предизборната кампања на двете најголеми партии овде во Парламентот.

(Реакција на некои пратеници во салата).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Останува на она што го кажа и го повтори, јас така го разбирам. Не, за законот ништо не сте рекле, истиот став останува. Ве молам, тишина.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, два дена да ви кажам искрено се изнаслушав за теоријата и праксата на управување, раководење со претпријатијата со посебен осврт морам да кажам на управување и раководење со јавните претпријатија. Мислам дека непотребно оваа тема се исполитизира од проста причина што ние и со Уставот, а верувам и поголемиот дел од партиите се определивме да изградиме еден нов систем на општествено уредување односно да го напуштиме стариот систем кој сеуште опстојува, тоа мора да се признае.

Ако појдеме од основната теза дека со претпријатијата односно дека со капиталот управува оној чив е односно оној кој ја основал дотичната фирма, тогаш барањето односно поднесеното барање за донесување односно за дополнување на Законот за претпријатијата од страна на Владата ми е сосем разбирливо. Меѓутоа морам да напоменам дека за жал ние сеуште иако се декларираме сите политички партии дека тој систем ќе го измениме, знаеме дека Законот за трансформација на општествениот капитал сеуште не е донесен и мислам дека би требало прво и основно да се донесе законот за трансформација на општествениот капитал, односно уште одредени други системски закони и после тоа со јасно дефинирана сопственост во сферата на јавните претпријатија каде што државата сигурно ќе си го добие својот дел согласно на вложеното, колку вложила во тие јавни претпријатија ќе се дефинира и оваа проблематика со донесување на еден целисходен сообразен закон околу управувањето и раководењето со јавните претпријатија.

Јас морам дека го почитувам мислењето што вчера го изнесе господинот Петар Гошев како член на СДСМ и пратеник во овој Парламент кој мислам дека многу добро кажа и неговата заложба беше да овој и ваков закон оваа проблематика се третира во еден закон кој ќе оди во една редовна постапка, што јас наполно го поддржувам.

Исто така и господинот Панче Минов член на Реформистите Либерална партија исто така се заложи овде, од оваа говорница да овој закон односно закон што ќе ја третира оваа проблематика биде исто така донесен во една редовна постапка каде што со овие претходно поставени услови што на некој начин јас ги кажав.

Мене ме чудат дискусиите на одредени- пратеници кои се залагаат за итно донесување на дополнуваше на овој закон. Верувам дека и кажав и

пред малку дека го разбирам настојувањето на Владата односно на коалиционата Влада во овој случај да на некој начин сака да оствари увид со управувањето и раководењето во јавните претпријатија како претпријатија согласно дефиницијата за јавно претпријатие кои се од посебен општествен интерес во овој случај за сите граѓани на Република Македонија.

Јас не сакам да навлегувам околу уставноста или неуставноста за донесување на овој закон, меѓутоа ќе повторам уште еднаш мојата заложба е ваквите одредби што сега се предлагаат од Владата да се донесат во една редовна постапка за да не создаваме една крајно исполитизирана клима како што се создаде во овие два дена околу дискусиите на поедини пратеници и согласно светските норми за раководење и управување со фирмите односно со капиталот да се донесе еден ваков закон кој ќе биде во редовна постапка.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, пред да го кажам своето мислење за точката на дневен ред, би сакала да укажам на една дезинформација која што беше кажана од оваа говорница од страна на еден пратеник дека принудена е позицијата на овој начин да постапи и да предложи само измена на постоечкиот закон, а не и нов закон затоа што наводно Парламентот работи непродуктивно, еве три дена заседаваме, имаме незавршени четири седници и т.н. Такви приказни мислам дека можат да бидат прифатливи од страна на оние кои што се упатени бидејќи е познато дека позицијата формира Влада и зад неа стојат 75 пратеници. За кворум за одржување на седница доволен е 61 пратеник, а законот може да се изгласа со мнозинство од присутните поточно со 41 пратеник.

**ДОСТА ДИМОВСКА**: (продолжение)

Позицијата со вакви дезинформации не може да се потргне од одговорноста за незавршените седници, а исто така и за неможноста или неспособноста на Владата на време да ни подготви и да ни предложи целосни законски решенија.

Тука, што се однесува исто така до една друга дезинформација дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ стојат зад некојси директор, морам да кажам дека се работи за неинформираност бидејќи тој директор што беше споменат никој ,поголемиот дел од нас воопшто не го познаваме ниту пак имаме некакви контакти. Во дискусијата само на еден пратеник беше искажана пофалба заради покажаните резултати на Електростопанството•

Исто така е дезинформација дека пратениците на ВМРО биле против сите директори во Македонија и дека ги нарекувале "србокомунисти". Ние не сме биле за една црно бела опција, напротив, работите настојуваме да ги гледаме спектрално, ВМРО е против неуспешните менаџери да бидат на чело на претпријатијата и против оние директори кој и ако се неуспешни, врз основа на врзансота со Централниот комитет на СКМ или предлогот од страна на тој Комитет и ден денес се уште опстојуваат бидејќи ја имаат поддршката од доминантната партија во коалицијата, поранешната СКМ-ПДП сега СДС.

Што се однесува до Законот би сакала да укажам исто така на една тенденција во настапите на претставниците на СДС која се состои во настојувањето да се дистанцира од бившиот режим, од самоуправувањето, дури што одат до таму што чисто психолошки за мене тоа е објасниво, за тоа да ги обвинат преставниците од политичките партии со десна ориентација. Ваквите обиди за дистанцирање од бившиот режим и од самоуправувањето во основа се добри, но само ако се искрени. Јас лично

не сум до крај убедена во искреноста на ваквиот потфат во форма на предлог за измена на Законот за претпријатијата пред се поради тоа што тоа е предлог за измена на Законот донесен во СФРЈ. Така гласи и самиот закон. СФРЈ веќе не постои, а Владата предлага измени на Закон кој што е донесен во СФРЈ.

Законот за претпријатија по Уставот е најважен закон бидејќи од управувањето со стопанството зависи управувањето со државата. Не е можно да се говори за промени, а само да се нудат козметички промени на самиот закон кој е полн со самоуправување. Ако го прочитаме Законот, ќе видиме дека врие од самоуправна терминологија.

Исто така, не е донесен законот за трансформација на општествената сопственост. Во услови на непостоење на законска регулатива, на делови незначителни промени на системот кои овозможуваат само зацврстување на владејачката партија, на доминантната партија во коалицијата СДС на власт, сега со овој закон се предлага зацврстување на власта на претставниците на СДС во јавните претпријатија, со недонесувањето, со одложувањето на законската регулатива тоа е направено со акционерските друштва, да се оствари превласт или приватизација по пат на кражба. Исто така, воопшто познато е во јавноста дека довчерашни социјалистички функционери преку ноќ станувааат приватни сопственици, но и многу сегашни кои го користат министерското место или местото претседател или потпретседател на Влада. На пример, а за тоа извести и печатот, трговијата со компјутери на министерот Пешев, трговијата со министерствата и неговата огромна добивка што ја има добиено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак, да одиме по законот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дозволете еден пример да дадам како аргумент.

Значи не донесувањето во целина на законите кои би значеле и промена на економскиот систем и воспоставувањето на приватната сопственост и пазарното стопанство овозможува владејачката партија во коалицијата со одложување на промените, со нивно одолговелчување да се овозможи целосна контрола на капиталот во Република Македонија, па потоа би се донеле и законите за приватизацијата. Зошто да не, кова веќе ќе биде во рацете на одреден круг на луѓе целиот капитал.

По аргументирани размислувања слушнавме од некои пратеници од левиот блок, кои подобро од секретарот на СДС ги разбираат економските прашања, според мое мислење, или се по искрени, на пример пратеникот Петар Гошев. Не можам да го разберам амандманот на премиерот Бранко Црвенковски со кој овие измени не се однесуваат на радиодифузната мрежа и фактички на Печатницата на Нова Македонија. Со тоа ќе се задржи монополот ан системот на предаватели и врски во Република Македонија и на Македонската радио- телевизија, монополот на Печатницата на Нова Македонија, до кои може да се има пристап само преку Панде Колемишевски, проверен човек на СДС. Владата требаше да понуди досега пакет на закони за информирањето со кои би биле изделени како јавни претпријатија предаватели и врски и Печатницата сега што е под Нова Македонија, па тогаш да бидат и подлежни на законската регулатива , која и денес е на дневен ред. Не можам да разберам како може со вака значаен закон со кој се регулира управувањето во јавните претпријатија, кој го регулираат сообраќајот, електростопанството, ПТТ и инфраструктурата на која се темели стопанството, за овие измени да се каже од страна на еден пратеник: расправаме три дена, само два три реда се во прашање, тука не се води сметка за едно многу важно прашање, а тоа е светоста на

значењето на зборот кој за жал овој пратеник не ја разбира и говори со еден тревлив говор, имено, неговиот говор е неграмотен. А што значат овие зборови, може да погледа во првиот и третиот тон на Речникот на македонскиот литературен јазик. Република Македонија сега се наоѓа токму во мигови кога значењето на зборот и името е од суштинско значење, имено, тоа прашање е насушно . А некој си овде се поигрува со зборовите без да ја знае нивната важност. Имено, цитирам "само три реда или само два збора се менуваат". Не случајно неколку говорници од истиот круг на пратеници употребија тревлив говор. На пример: "чак што више", "шесто, седамсто и двен хиљади и власништво". За почит е што повеќето од албанските пратеници многу почисто, политературно говорат македонски (во салата настана смеење), а можеби не треба некој да се обвинува затоа што може да досегне највеќе до Бивша Југословенска Република Македонија и до измени на Законот за претпријатија на СФРЈ и до чак што више. Но во политиката треба за неможењето да се сноси одговорност така што логичен чекор на тоа што Владата не може да понуди нов закон за претпријатијата , закон за трансформација на сопственоста и други системски промени, Владата станува генератор на политичката и економската дестабилизација на македонската држава и пречка за развојот на пазарното стопанство и демократијата во Македонија, што има импликации врз вкупната меѓународна позиција на Република Македонија и нејзиното пошироко меѓународно признавање. Ние можеме јавноста да ја манипулираме и да говориме дека со овие два три реда, нели, ќе направиме крупни промени во Македонија, но јас сум убедена дека не можеме да ја излажеме меѓународната јавност. Тоа можам да го поткрепам со разговорот што го водев со претставници на Светската банка кои што пред неколку дена беа во Македонија, со господинот Милан Свикл кој јасно

кажа дека без системски промени тоа три пати го повтори, нема кредити за Република Македонија се додека не се донесат системски промени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Љупчо Поповски.

(Повеќе пратеници извикуваат "пауза", а некои од нив велат "не", "не").

Предлагам да работиме еднократно, петок е и да завршиме и да си одиме.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека и оваа последнава дискусија укажа, како и претходните денови, особено од една пратеничка група дека станува збор за една така наречена јас би рекол дестилирана демагогија и дестилиран комунизам.

Прво, на почетокот би сакал да се осврнам на две три манипулации во врска со овие закони кои еве три дена ги расправаме, кои требаше на една итна седница на Собранието на РМ да ги усвоиме • Меѓутоа, како што гледате , итноста се претвори во една редовна процедура, така што сите оние залагања од типот дека треба овој закон да оди во две фази мислам дека на некој начин и не држат, бидејќи никој не го оспори освен ЗПК значењето и потребата од негово донесување.

Првата манипулација уште пред неколку дена што се јави во јавноста и за која сакам да кажам , е дека со овој закон особено со Законот за енергетика на некој начин се ограничува правото на штрајк. Јас само сакам да кажам дека, впрочем како што е и во самиот закон за енергетика

спомнато дека не станува збор за никакво ограничување на правото на штрајкот, за кој што мислам дека лесно на некој начин до вчера на речените обвинувани комунистички синдикати сега го креваат гласот дека им се загрозува правото на штрајк да го организираат, а знаеме дека конкретниот случај на пример во РЕК Битола, званичниот и официјален Синдикат беше на некој начин аутиран и таму главниот збор го водеше штрајкувачкиот одбор. Имено, станува збор само за едно правно регулирање на правото на штрајкот во доменот на овие јавни претпријатија, со тоа што на јавноста мислам да и биде јасно дека во спротивно , ако се дозволи ваков вид на штрајк како што беше овој во РЕК Битола, ние можеме многу лесно бидејќи станува збор за типични јавни парадржавни претпријатија да останеме без струја, без вода, без ПТТ врски, без Железница и со тоа една парализа на вкупниот економски, стопански и каков сакате систем. Тоа е еден момент кој сакам да го потенцирам.

Вториот момент мислам дека е од политичка природа. Мислам дека со едни такви видови на штрајкови како што имавме и во ваква една парализа на вкупниот економски и стопански живот во Републиката, ние на некој начин воведувам вонредна состојба, а таа вонредна состојба како што знаете по Уставот има право да ја доведува само претседателот на Републиката. Според тоа , станува збор за еден поттекст на со вонуставни средства да се направи вонредна состојба во Републиката. Толку околу оваа шпекулација околу ограничување на првото на штрајк.

Втората шпекулација која вчера елоквентно ја образложуваше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, тоа е дека со овие закони се врши целосно подржавуваше на стопанството во Република Македонија. Се испостави дека не станува збор за тоа , меѓутоа, во последно време ние неколку пати соочени сме со такви изјави кои постојано се повторуваат, а кои немаат врска со стварноста и со животот. Станува збор, како што беше кажано

само за потребата правно да се регулира, односно правниот вакум сега околу статусот на јавните претпријатија во Републиката кои беа споменувани, како што се Железница, ПТТ, патиштата и Електростопанството. Според тоа, сето тоа се прави со цел нивното функционирање да не се доведува во прашање.

Сега ќе ви кажам, бидејќи мислам дека беше спомнато, јас не знам, во одделни дискусии на пратеници од таа Пратеничка група едни импутираат самоуправување, други зборуваат како заведуваме контрола врз тие претпријатија, само јас да кажам дека фактички сите тие претпријатија се на некој начин жртва од бившиот самоуправен систем каде што во типични парадржавни како што се тие истите гранки за кои што беа спомнати дека и западните развиени парламентарни системи, Франција беше спомната, Англија и т.н., знаеме дека таму државата си го остварува целосното право на контрола и има директни ингиренции во управувањето на тие претпријатија. Меѓутоа, ние инфекцирани од тој самоурпавен систем, па дури и во едни такви парадржавни претпријатија во тој период воведовме елементи на самоуправното право, работнички совет и т.н. Сега излегува дека некој се бори против надминувањето на тие остатоци од самоуправната идеологија, која ние сакаме на некој начин барем да почнеме со статусот на јавните претпријатија и тоа е за мене еден почеток на трансформација на општествениот капитал во тие рамки, а потоа нормално ќе следи тој процес на трансформација и во другите сфери.

Трето, не можам да сфатам и објаснам како една партија која досега фрлаше дрво и камења по стариот систем и самоуправување, договорна и така да кажам диригирана економија и на неа сходно изграден таков политички систем, сега од петни жили се бори и се залага за задржувањето на стариот самоуправен систем. Типични примери за ваквото однесување на ВМРО-ДПМНЕ се последните два настани кои наводно ја брануваат

Македонија. Прво, тие се против донесувањето на овие два закони на Владата, со кои фактички се пополнува она што на почетокот го реков, правниот вакум во правниот систем на Република Македонија за кој таа иста Влада беше наречена од страна на македонската јавност како јавен набљудувач и со тоа сега се отстрануваат остатоците на самоурпавното право на некои субјекти чија сопственост или во нејзе или во најголем процент биле од секогаш државни. Според тоа, намерата да се попречи донесувањето на било кој закон на некој начин се дефинира односно се оневозможува внесување на поголем ред во тој правен вакум во Републиката создаден со недефинираниот статус на овие претпријатија.

Вториот пример мислам дека е уште по драстичен. Имено, се бара од државата да интервенира токму во оние други сфери за кои сметаме на пример дека државата не би требало ни да примирисa да интервенира. Тоа беше конкретно овде за театарската претстава која се бараше од страна на политичка партија со пријава во јавниот обвинител таа да се забрани. Тоа не се случило досега во историјата барем јас колку што познавам и знам, една политичка партија да поднесе кривична пријава до обвинителот со барање да се забрани една театарска претстава. Јас мислам доволно.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Се извинувам, но да објасниме некои работи. Се согласувам дека позицијата има повеќе од 60 пратеници и дека може да ги носи сите гласови, меѓутоа, . кога би се работело нормално. Ние немаме  услови да дојдеме до гласање. На секаков начин се прави да се дискутира со денови

по два, по три, по пет пати, се измислуваат најразлични точки да се стават на дневен ред, се со цел да не се дојде до гласањето и тоа е причината зошто овој Парламент не носи закони. Само тоа е причината, инаку работите сигурно би биле многу поинакви .Веројатно не треба да потсетувам дека за секој банален случај на овој Парламент се става точка на дневен ред, информација за ова, информација за она, се губи дури основната функција на Парламентот, така што и претходно се спомна, само пред два три дена го имавме случајот да бараме информација за театарска претстава и сега се прашувам,го очекувам денот кога ќе бараме информација за фудбалски натпревар, па овде ќе дискутираме дали требало и пенал да се суди или не требало и навистина ако продолжиме во овој стил Парламентот станува капа за се во оваа држава, а треба да се задржиме само на една основна работа, законодавната. се друго е оставено на други тела и на други институтски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор,

Има збор г-динот

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас го молам г-динот Ристо Станковски, и вчера истото се случи со Никола Поповски, да бидат конкретни во своите искажувања. Да не можете вие 10 парти да ги ставите во еден кош. Кажете на кого мислите.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Јас се извинувам, меѓутоа, конкретно ако некој ја следеше дискусијата, беше јасно на кого мислев, али сепак ќе кажам, мислев конкретно на ВМРО_ДПМНЕ, конкретно во овој случај а не на целата опозиција. Конкретно на ВМРО-ДПМНЕ.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Ванчо Младеновски

**ВАНЧО МЛАДЕНОВСКИ;**

Почитувани пратеници, денеска по предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за јавните претпријатија, навистина од голем број пратеници беа искажани голем број на констатации, сугестии, размислувања, мислења, меѓутоа, морам да кажам дека голем дел од тие беа неконструктивни, а сосема мал дел, барем по моја лична оценка, го имаа оној позитивен придонес, односно конструктивни за да можат да придонесат законите што се донесуваат во овој Парламент да бидат корисни и практични во примена.

Мислам дека навистина беа искажани доста работи и произволно и душегрижнички и во функција на партиски интереси,од лични интереси итн., а малку беа оние што треба да бидат стварност и реалност од вистината. Јас морам, да кажам не знам зошто толку време се дискутираше кога барем

ќе речам по мое мислење сосема е едноставно и барем до сега ми беше јасно дека и до сега Владата, односно државата имаше на некој начин влијание и управуваше со овие јавни претпријатија. Ќе речете зошто и како. Мислам дека работата е едноставна. Сите тие јавни претпријатија за кој станува збор имаат една единствена дејност или имаат еден единствен производ. Така и досега , а и сега цената на тој производ ја одредуваше општествено политичката заедница, односно сега во конкретниот случај Владата. Оттука мислам и резултатите на работењето на тие претпријатија односно јавни институции, ислучиво зависи од оценката и влијанието или да не речам од мислењето на владата, таква цена во кој момент ќе определи и какви ќе бидат дефинитивните резултати на тие јавни претпријатија. Оттука мислам дека малку беше и мало е влијанието и на конкретните работници, извршителите на тие обврски и на раководните луѓе во тие јавни претпријатија кои можат да влијаат на крајните поготово финансиски резултати од работењето на тие јавни претпријатија. Оттука мислам дали е толку сега битно, барем според мене, кој ќе ги поставува непосредно раководителот, односно директорот. Лично мислам, а морам да ви кажам од лично искуство, работам во една слична таква организација која перманентно, односно да не речам цело време во сите времиња, од нејзиното постоење, цените на производите ги дефинираше Владата, а преку тоа и резултатите ена работењето на претпријатие зависеа исклучови од волјата и желбата на Владата. Оттука мислам дека и во конкретниов случај се она што беше искажано, навистина имаше сосема други конотации, други размислувања, сосема други идеи, сосема други цели а не она што навистина фактички и треба да го оставиме овој закон, за да се дадат овластувања на Владата, покрај тоа што определува цена на нивниот производ за да може да поставува и раководител на таа организација. Тоа

мислам дека е сосема логично и сосема идентично бидејќи не е можно еден да поставува раководител на една организација, а друг да ги одредува цените на производите и услугите. Така да навистина морам да кажам дека сите овие искажувања што беа досега не водеа кон една реалност и стварност, но сето тоа беше искористено да се исполитизира, да се кажуваат одредени работи што се навистина и надвор од рамките на програмите на сите парламентарни групи кои се учесници во овој Парламент.

Јас не би сакал исто така да се вклопам во сета оваа режија па би бил сосема конкретен и би рекол навистина она што се суди во овој момент од страна на Владата е сосема прифатливо и е во,интерес и на државата како држава и во интерес на оние кои се вработени во тие јавни претпријатија, бидејќи со тоа ќе биде изедначено она не само на владата претседаваат одредени овластувања, туку јас мислам дека уште повеќе Владата комплетно ги презема одговорностите за работењето на сите јавни претпријатија, бидејќи рековме дека таа е што и досега а и утре ќе ги одредува цените на услугите на тие јавни претпријатија. Оттука мислам дека навистина, за жал мора да констатираме дека овие три дена се изгубени или не, непродуктивно, бидејќи според мое мислење и оценка е сигурно дека овој закон ќе биде донесен а и ние самите пратеници мора да си ставиме пред себе дека имаме одговорност и да имаме една самокритчност зошто изгубивме три дена кога таа работа е знаевме а и бевме свесни дека може да се заврши за еден ден.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Јас повторно да се дополнам во нос на овие, сметам што се против овој закон, евентуално имаме и друг предлог, за донесување во две фази и директон да се донесе со овие дополнувања. Противењето не го сметам

против приватизација на општествениот капитал. Меѓутоа, прво да се приватизира односно да се надомести општествената сопственост, па да се утврди сопственикот и режимот на управување. На пример, исто така со девизните штедачи, Владата предложи закон дека со продажбата на становите ќе собере маса средства и ќе ги плати на штедачите. Излезе Уставен суд со мислење дека Владата нема право да располага со тие пари. Тоа беше беспредметно. Истото да не дојде, се додека општествената како термин постои, треба да постои соодветниот режим на управување. Исто така, имаме нејасна одредба членот 3. Таму се предвидува одредба кај претпријатијата од посебен општествен интерес, а со оваа измена од три члена се утврдува дека во сите закони одредбите за управување се укинуваат, од културна, правна култура треба да се наведат во кои закони, кои одредби се укинуваат. Кога се носи закон се цитира кој точно закон се укинува. Овде чисто волонтерски се вели сите други закони кои регулираат дел со член 3. Јас таа одредба не можам со тумач да ја објаснам. Да не се разидувме, додека постои општествена својственост, поширок круг ќе имат увид во таа сопственост. Во таа смисла ние не можеме да го менуваме само режимот на управување, наменски, а постои општествена сопственост. Јас сметам дека прво треба да се види и претпријатијата од посебен општествен интерес да се укинат и да се исклучи општествената јавност. Исто ние сметаме за општествениот капитал на претпријатијата, уште не знаеме кои процент, кој дел на вработените е и на државната сопственост.

Второ, член 30 од Уставот не познава видови на сопственост туку постои само гаранција, се гарантира сопственоста на граѓаните во Македонија . Значи таму имаме видови на сопственост, државна или

слично, туку само се гарантира. Сопствената прво треба да се стекне,а се стекнува со купопродажба или поклон. Друга форма на стекнување на сопственост. нема. А не знам каква е оваа сопственост, сега само наслов от на носителот на сопственоста ќе се промени, другиот ден е сопственик. Доаѓаме во ситуација, сиромашна држава богати граѓани. Инвеститорите од надвор, некој кој користел кредит, тој има со стоката што ја користел и инвестициите, градбите, со тоа треба да го гарантира долгот. Иако дојде некој од надвор, меѓународен монетарен фонд, нас ќе треба во ропство да не земе бидејќи имотот е,а државата гарантира за штедачи, државата гарантира за јавните претпријатија, а самата држава нема никаков капитал. Целиот капитал е минат кај граѓаните. Сметам дека ние треба општествената сопственост да ја задржиме се додека, барем, должиме две милијарди долари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве информирам дека преку средствата за јавно информирање чувме, а сакам да знаете и вие овде дека е донесена Резолуција во Европскиот парламент за признавање на Република Македонија и дека е побарано од ЕЗ тоа да го направи исто така. Не ни е познат текстот на Резолуцијата, само знам и е соопштено дека е донесен текстот (аплауз).

Дали уште некој бара збор? Има збор г-динот Ешреф Алиу.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господо пратеници, може пет минути, може 50, да се договориме. Има реакции, моето задржување овде

да биде подолго, а јас ќе се обидам спротивното да го направам.

Предлогот од Владата, пред се сакам да го сфатам како напор во функција за воведување поголем ред и поголема сигурност во оваа млада држава и во овие почетни процеси на оваа наша кревка демократија. Амандманот на Владата, потполно сакам да го сфатам во оваа функција, т.е. преземање врз себе поголем степен на одговорноста и создавање можности на поголеми гаранции на сигурност и на перспектива на граѓаните на Република Македонија. Во начело сум се залагал и се залагам за демократски закони. Овие мали промени се нужна потреба и не ми е толку мило што се диктирани од практиката. Очекувам на,брзо Владата да започне да им претходи на нашите потреби, да направи закони за кои сите се залагаме. Ако создаваме услови РМ како демократска заедница на сите рамноправни граѓани во кои во прв план, ќе биде демократијата и умот, т.е. менаџментот и науката, тогаш многу едноставно, сфатливо и лесно ќе ни биде, директор или одговорна личност во Битола и во Струмица да бидеа и албанец и турчин и ром и влав. Македонија треба да остане неодделива, ниту источно, ниту западно, ниту јужно, ниту северно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

Прво, го заклучувам претресот бидејќи никој не бара збор, и на Собранието му го предлагам следниот заклучок.

(се пребројува присуството на пратениците во салата)

Присутни се 62 пратеника во салата.

Бидејќи сега нема никој кој бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за дополнување на Законот за претпријатијата.

Молам кој е за да крене рака? (пратениците креваат рака )

55 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (5)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (пратениците креваат рака) 1

52 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува? (3).

(Има реакција од пратениците дека нема кворум, и се врши повторно пребројување на присутните пратеници).

Присутни се 6 3 пратеника бидејќи меѓувреме влегоа уште двајца.

Констатирам дека Собранието се заключи да се води претрес и по Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сакам да укажам на едни нелогичности во Законот за кои што ЗПК застана на стојалиште дека нема потреба да се донесува Законот. Станува збор дали ќе треба овој Закон да го донесеме или не да го изгласаме, сега што се донесе да се разгледува или не. Се појавува во текстот со јавните претпријатија основани во Републичката управа дека управува Управниот одбор. Тоа сакам да се повика и да се каже на основа одредбите од Законот за претпријатијата, односно во член 24-б.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Јас ќе кажам дека досега во Република Македонија се основани овие претпријатија: Радио-телевизија како јавно претпријатие, тоа е едното, понатаму имаме одлука за основање јавно претпријатие за Аеродромски услуги на Македонија, организирање на железничко- транспортна организација со ОЗТ Скопје како јавно претпријатие, и организирање на работна организација за одржување јавни патишта Македонија пат како јавно претпријатие. На крајот, истовремено и работна организација за поштанско- телеграфски и телефонски сообраќај Македонија Скопје како јавно претпријатие. Плус она за кое најмногу се говореше, тоа е претпријатието за елек тростопанска енергија. Тука имаме уште едно Одлука за основање на јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица" и "Злетовица" Ќе имаше место да говориме да во овие претпријатија државата врши интервенција ако имаше свој капитал. Да не се надмудрувате ќе одиме веднаш, другите нема да ги читам, меѓутоа, Собранието на оваа држава прави јасна дистинкција што значи вложување на капитал по основ на кој ќе треба државата да управува. Имено, во сите овие одлуки за формирање претпријатија како јавни претпријатија се говори за преземање на имовина од поранешни претпријатија во општествена сопственост.

Да не би настанала забуна, да ова биде навистина тој капитал со кој државата учествува, Одлуката за основање на јавно претпријатие за водоснабдување "Студенчица" и "Злетовица" јасно говори во членот 7 : 11 Средствата за основање и почеток на работата на претпријатието во висина од 10 милиони денари ги обезбедува

Членот 24-а "средствата за основање на јавно претпријатие ги осигурува основачот. "

Член 196-6 : "Капиталот од став 2 на овој член се смета како државен капитал".

Господа, еве законодавецот кога ги формирал овие претпријатија јасно кажал каде вложува свој капитал и каде има учество. Дали сега ќе поминеме, во овој момент само со препишување на име ќе го сметаме како јавно претпријатие, затоа што општествените претпријатија прераснаа во јавни претпријатија и ќе одиме на поддржување на имовината само под името јавно претпријатие. Или пак ќе имаме содржана. Во таа смисла говори и оваа одлука каде јасно се определил оној, кога ги формирал овие претпријатија, дека прави разлика помеѓу капиталот, што го вложува државата како држава и преименување, поради јавен интерес.

За овој случај говорам дека нема потреба. Меѓутоа, кога ќе го гледаме текстот на предложениот закон, името на законот, за дополнување на Законот за претпријатијата, ова се само надополнува. Остануваат сите одредби од Законот за претпријатијата во тотална важност. Имаме едан тотална коалиција во самиот закон. Двоважност, двојбеност во законот. Што ќе биде? Ќе важи и овој закон, ќе важи и Законот за претпријатијата. Ова е само надополнување, а другите одредби остануваат целосно да важат. Тогаш, што ќе правиме? Некој ќе ги избира директорите на јавен конкурс, а другите ќе бидат именувани? Како ќе биде тоа.

Имаме толкување на еден закон во кој нема измени, туку само дополнувања. Дополнувањето значаи дека сето друго што е во тој закон останува целосно да важи.

Дали ваков закон ќе гласате или не, тоа сметајте дека не е како чини. Дали некој ќе има време или не, пак ќе се поставуваат прашањата кака ќе се застапуваме пред Уставниот суд?

Дали ќе го почитуваме Уставот, или ќе ги почитуваме потребите ? Разликата помеѓу правна држава и потреби е токму во тоа кога законите се почитуваат и кога законите имаат смисол за употреба.

Затоа сметам дека, ако друго не, да се оди крајно, ако прифатите друга солуција, штом ќе дојде, Собранието најде за сходно дека треба да се донесе ваков закон, ЗПК најде дека не треба да се донесе овој Закон, ние ќе мораме сега да постапиме, што? Има амандмани на овој закон. Должни сме да ги разгледуваме затоа што Собранието донесе одлука дека има потреба да се донесе овој Закон. Ние тогаш ќе треба да одлучуваме и по амандманите. Јас незнам дали во оваа фаза сега ќе можете веднаш да одлучувате и за целиот Закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Ве молам пак да го утврдиме точниот број на присутни пратеници. Луѓето излегуваат и мора да знаеме дали е уставно тоа што го одлучуваме.

(Службите вршат пребројување на присутните пратеници).

Да се оивујаат пратениците да влезат во салата.

Констатирам дека во салата се присутни 62 пратеници и можеме да работиме.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата поднесе амандман на член 196-з за додаваше нов став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1 во новиот член 240-б со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел .

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (од место)

Не е точно дека на оваа страна се присутни 26, туку има само 19 пратеници. Нема кворум за работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Беа, сега излегоа. Беа 23 а не 26. Беа 23 со нас четворица овде. Сега излегол некој.

Ве молам, утврдете го точниот број на присутните пратеници.

Сега се на таа страна присутни 21 пратеник. Дел од опозицијата сега излегуваат.

Ве молам точно да се избројат колку се.

На едната страна се присутни 37 а на другата 21 значи вкупно 58 пратеници што не е доволно за работа.

Не можеме да работиме.

(Присутните пратеници реагираат дека има пратеници надвор од салата.)

Па тие се надвор. Викнете ги да влезат.

Молам службите нека ги викнат веднаш да влезат. Не може овде 60 луѓе да чекаат а тројца да пушат надвор.

Молам уште еднаш да се пребројат пратениците.

Информиран сум дека се присутни 63 пратеници.

Ги молам пратениците да имаат толку чувство да знаат дека овде мораме да имаме преку 61 за да можеме да работиме. Се носи голема политичка одговорност.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата поднесе амандман на член 196-3 за додавање нов став 2 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-б со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Љупчо Јакимовски поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-б, став 3.

Пратеникот Душан Трпчевски поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-в.

Пратеникот Петар Темелковски поднесе амандман за бришење на член 3, а пратеникот Јордан Бошков поднесе амандмани на насловот и на член 1 во новиот член 24-б со кој Владата не се согласила.

Пратеникот Цветан Јовчевски поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-б став 3.

Пратеникот Петар Темелковски поднесе амандман на член 3 и за додавање на нов став 2.

Пратеникот Горѓи Котевски поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-б став 3.

Пратеникот Трајан Мицевски поднесе амандман на член 3 и за додавање на нов став 2.

Пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-в.

Група пратеници: Неим Селмани, Шабан Превала, Џелил Таири, Сејфедин Харуни и Ферид Садику поднесоа амандман на член 1 во новиот член 24-б за додавање нов став.

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман на член 1 во новиот член 24-б, став 2.

Пратеникот Зоран Крстевски поднесе амандмани на член 1 во новиот член 24-б став 1, член 1 во новиот член 24-б и за бришење на член 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Молам, кој бара збор? (никој),

Бидејќи никој не бара збор ...

(има интервенција од Владата на РМ. )

Не сте го усвоиле. Ве молам, не сте го прифатиле овој амандман. Зошто сега барате да образложите?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сакам да истакнам дека Владата сака да даде нов амандман на членот 196-з со кој дефакто се прецизира. Ако може ќе го прочитам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е тој член 196-з?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Членот 196-з е третиот член од Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте, до таму ќе дојдеме. Сега имаме амандман на насловот. Таму не сте го прифатиле овој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Амандманот не сме го прифатиле затоа што соодветно не го одразува текстот што го нуди Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој не е за)

Никој.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот по насловот поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б, став 1, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Ги повлекувам амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б, став 2, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака ( никој)

Бидејќи никој не е констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во вониот член 24-б, став 2 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б, став 3 поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Молам, кој бара збор. (никој)

Молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ИЛЈАЗ САБИРУ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман. Дали некој друг бара збор? ( не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (1 пратеник)

Бидејќи за амандманот гласаше само 1 пратеник констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 24-б, став 3

поднесен од пратеникот Љупчо Јакимовски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Молам, претставникот на Владата да се изјасни.

**ИЛЈАЗ САБРИОУ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 на новиот член 24-б, поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б, став 3 поднесен од пратеникот Цветан Јовчевски.

Го претставникот на Владата да се произнесе по амандманот

**ИЛЈАЗ САБИРУ:**

Владата не го прифаќа и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Бидејќи никој не гласаше за амандманот, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 24-б , став 3 поднесен од пратеникот Цветан Јовчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б став 3 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ИЛЈАЗ САБИРУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Бидејќи никој не е за, констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 24-б став 3 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-б за додаваше нов став поднесен од група пратеници: Неим Селмани, Шабан Превала, Џелил Таири, Сејфедин Харуни и Ферид Садику.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, во новиот член 24-б, за додавање на нов став, поднесен од група пратеници Неим Селмани, Шабан Превала, Џелил Таири, Сејфедин Харуни и Ферид Садику.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-в, поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 24-в, поднесен од пратеникот Душан Трпчевски.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-в, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифати амандманот на пратеникот Санде Давчев.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (12 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 во новиот член 24-в, поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 24-в, поднесен од пратеникот Зоран Крстевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Со оглед дека амандманот што го предложи Владата на Република Македонија кој е составен дел на законот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За кој амандман станува збор?

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

За амандманот што го поднесе пратеникот Зоран Крстевски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што предложи Владата?

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата предложи нов амандман кој е составен дел на Законот и кој во голема мера го инкорпорира предлогот на амандманот на господинот

Зоран Крстевски, затоа предлагаме овој амандман да не се прифати односно упатуваме Зоран Крстевски да го повлече амандманот. Се однесува на вчерашниот амандман, односно амандманот на Владата. Ако можам да го прочитам. Амандман по член 196 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи: "Одредбите од овој закон не се однесуваат на јавните претпријатија основани од Републиката, а дејноста им е радио-дифузијата и информатика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие мислите дека е замена за амандманот на Зоран Крстевски

Дали господинот Крстевски го повлекува остатокот од својот амандман?

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, мојата интервенција со амандманот беше насочена да се направи дистинкција помеѓу таканаречениот државен сектор и јавен сектор во кој спаѓаат нестопанските. Со оглед дека постоечкиот закон дефинира кои се јавни претпријатија со државен капитал и овој закон интервентно тоа го регулира управувањето и изборот на раководењето со тие органи, во јавниот сектор од нестопански карактер, како што е радио-телевизијата, предлагам да има поинаков принцип на организирање и раководеше. Начинот на кој Владата предлага ја супституира оваа моја определба и мислам дека е прифатлива, затоа го повлекувам овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали да одам по другиот амандман на членот 3? Според тоа, тој смета дека е доволна замена и го повлекува остатокот од амандманот. Немаме амандман, немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членот 3, поднесен од пратеникот Петар Темелковски и пратеникот Зоран Крстевски.

Молам, кој бара збор?

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Не се прифаќа овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зоран Крстевски го повлекува амандманот, но не го повлекува другиот пратеник, а ист е амандманот. Значи останува.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, но еве се јавува господинот Наќе Стојановски, по амандманот, да се брише членот 3.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е новиот амандман што го предлага Владата денеска?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не по тој амандман. Ве молам, не по тој амандман. Не е тој на дневен ред.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас сепак сакам да кажам нешто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа можете да го кажете после.

Ве молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришен>е на членот 3, поднесен од пратеникот Петар Темелковски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 и за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Петар Темелковски и пратеникот Трајан Мицевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 3 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Петар Темелковски и пратеникот Трајан Мицевски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Тука спаѓа и тој амандман предложен од Владата.

Дали некој бара збор?

Господинот Халили бара збор.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Излегов само да констатирам колку е несериозна оваа Влада и кога сака поставува амандмани. Вие тогаш не сте знаеле каков закон предлагате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеника).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеника).

Констатирам дека Собранието» го донесе Законот за дополнуваше на Законот за претпријатието.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Во понеделник во 10,00 часот продолжуваме со Педесет и шестата седница.

(Седницата заврши со работа во 14,55 часот).